





# Xiaomi 12T

## Водич за брз почеток

## Ви благодариме што го избравте Xiaomi 12T

Долго притиснете го копчето за напојување за да го вклучите уредот.
Следете ги упатствата на екранот за да го конфигурирате уредот.
За повеќе информации, посетете го нашиот официјален веб-сајт:
www.mi.com/global/service/userguide

## MIUI

Xiaomi 12T се испорачува со однапред инсталиран MIUI, нашиот прилагоден оперативен систем заснован на Android, којшто нуди чести ажурирања и практични функции врз основа на предлози од над 200 милиони активни корисници ширум светот. За повеќе информации, посетете го веб-сајтот en.miui.com

## Две SIM-картички:

- Поддржува две SIM-картички без ограничувања за оператори, двоен 5G ①
- Поддржува два отвори за Nano-SIM-картички, која било картичка може да се постави како примарна
- Поддржува 5G/4G/3G/2G на двете SIM-картички
- Поддржува VoLTE на двете SIM-картички ②

Забелешка ①: 5G-врската зависи од земјата, операторот и корисничкото опкружување.
Забелешка ②: VoLTE зависи од мрежата на операторот и од неговата имплементацијата на услугата.

- Ве молиме не вметнувајте нестандардни SIM-картички во отворот за SIM-картичка. Тие може да го оштетат отворот за SIM-картичка.
- ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Немојте да го расклопувате уредот.

## WEEE



Треба да се преземат посебни мерки на претпазливост за безбедно исфрлување на овој производ. Оваа ознака покажува дека производот не смее да се фрла со другиот домашен отпад во ЕУ.
За да спречите загрозување на животната средина или на здравјето на луѓето од несоодветно исфрлување на отпадот и да поттикнете одржлива повторна употреба на материјалните ресурси, ве молиме рециклирајте одговорно.
За безбедно рециклирање на уредот, ве молиме користете ги системите за враќање и собирање или обратете се кај продавачот од каде што е првично купен уредот.

Погледнете ја нашата Декларација за животна средина на следниот линк:
www.mi.com/en/about/environment

## ВНИМАНИЕ

ПОСТОИ РИЗИК ОД ЕКСПЛОЗИЈА АКО ЈА ЗАМЕНИТЕ БАТЕРИЈАТА СО ПОГРЕШЕН ТИП.
ИСФРЛЕТЕ ГИ ИСКОРИСТЕНИТЕ БАТЕРИИ ВО СОГЛАСНОСТ СО УПАТСТВАТА.



За да спречите можно оштетување на слухот, немојте да слушате со голема јачина на звук подолги периоди.
Дополнителни безбедносни информации и мерки на претпазливост може да најдете на следниот линк: www.mi.com/en/certification

## Важни безбедносни информации

Прочитајте ги сите безбедносни информации подолу пред да го користите уредот:

- Употребата на неодобрени кабли, адаптери за напојување или батерии може да предизвика пожар, експлозија, струен удар, да предизвика други ризици или да го оштети уредот.
- Опсегот на работна температура на овој уред е од 0 °C до 40 °C. Употребата на овој уред во опкружување што е надвор од овој температурен опсег може да го оштети уредот.
- Ако уредот е опремен со вградена батерија, за да избегнете оштетување на батеријата или уредот, не обидувајте се сами да ја замените батеријата.
- Полнете го овој уред само со вклучениот или одобрениот кабел и адаптер за напојување. Користете само одобрени додатоци што се компатибилни со вашиот уред.
- По завршување на полнењето, исклучете го адаптерот од уредот и од штекерот. Не полнете го уредот повеќе од 12 часа.
- Батеријата мора да се рециклира или исфрла одделно од домашниот отпад. Погрешното ракување со батеријата може да предизвика пожар или експлозија. Фрлете или рециклирајте ги уредот, неговата батерија и додатоците во согласност со локалните прописи.
- Немојте да ја расклопувате, удирате, кршите или палите батеријата. Ако батеријата изгледа деформирана или оштетена, веднаш престанете да ја користите.
  - Немојте да ѝ правите краток спој на батеријата бидејќи тоа може да предизвика прегревање, изгореници или друга повреда.
  - Не ставајте ја батеријата во опкружување со висока температура.
  - Прегревањето може да предизвика експлозија.
  - Немојте да ја расклопувате, удирате или кршите батеријата бидејќи тоа може да предизвика истекување, прегревање или експлодирање на батеријата.
  - Немојте да ја палите батеријата бидејќи тоа може да предизвика пожар или експлозија.
- Корисникот не смее да ја отстранува или модифицира батеријата. Отстранувањето

или поправката на батеријата ја врши само овластен сервисен центар на производителот.

- Уредот мора да биде сув.
- Не обидувајте се сами да го поправите уредот. Ако некој дел од уредот не работи правилно, контактирајте со службата за корисничка поддршка на Mi или однесете го уредот во овластен сервисен центар.
- Поврзете други уреди во согласност со нивните упатства за користење. Не поврзувајте некомпатибилни уреди со овој уред.
- За AC/DC-адаптери, штекерот треба да биде во близина на опремата и треба да биде лесно достапен.

**Безбедносни мерки**

- Придржувајте се до сите важечки закони и прописи што ја ограничуваат употребата на мобилни телефони во одредени ситуации и средини.
- Немојте да го користите телефонот на бензински пумпи или во каква било експлозивна атмосфера или потенцијално експлозивна средина, вклучувајќи области за гориво, долни палуби на бродови, објекти за пренос или складирање на гориво или хемиски средства или области каде што воздухот може да содржи хемикалии или честички во облик на ситни зрна, прав или метален прав. Почитувајте ги сите поставени знаци за исклучување на безжични уреди како што се вашиот телефон или друга радиоопрема. Исклучете го вашиот мобилен телефон или безжичен уред кога се наоѓате во подрачје на минирање или во подрачја каде што е потребно да се исклучат „двонасочни радиоуреди" или „електронски уреди" за да се спречат потенцијални опасности.
- Немојте да го користите телефонот во болнички операциони сали, ургентни центри или одделенија за интензивна нега. Секогаш почитувајте ги сите правила и прописи на болниците и здравствените домови. Ако имате медицински уред, советувајте се со вашиот лекар и со производителот на уредот за да утврдите дали телефонот може да го попречува работењето на уредот. За да избегнете потенцијални пречки во работењето на пејсмејкерот, секогаш одржувајте минимално растојание од 15 cm помеѓу мобилниот телефон и пејсмејкерот. За да го постигнете тоа, држете го телефонот на увото спротивно од страната на која се наоѓа пејсмејкерот и не носете го телефонот во вашиот горен џеб. За да избегнете пречки во работењето на медицинската опрема, немојте да го користите телефонот во близина на слушни помагала, кохлеарни импланти или други слични уреди.
- Почитувајте ги сите прописи за авионска безбедност и исклучете го телефонот во авион кога е потребно.
- Кога управувате со возило, користете го телефонот во согласност со соодветните сообраќајни правила и прописи.
- За да избегнете удар од гром, не користете го телефонот на отворено при невреме со грмотевици.
- Не воспоставувајте повици со телефонот додека се полни.
- Не користете го телефонот на места со голема влажност, како на пример во бањи. Тоа може да предизвика струен удар, повреда, пожар и оштетување на полначот.

## Изјава за безбедност

Ажурирајте го оперативниот систем на телефонот со помош на вградената функција за ажурирање на софтверот или посетете некој од нашите овластени сервисни центри. Ажурирањето на софтверот на друг начин може да го оштети уредот или да резултира со загуба на податоци, безбедносни проблеми и други ризици.

## Регулативи на ЕУ

## Декларација за усогласеност на RED

Xiaomi Communications Co., Ltd. изјавува дека овој дигитален мобилен телефон со GSM / GPRS / EDGE / UMTS / LTE / 5G NR, Bluetooth и Wi-Fi, 22071212AG, е усогласен со основните барања и другите соодветни одредби на Директивата за RE 2014/53/EU. Целосниот текст на декларацијата за усогласеност од ЕУ е достапна на следната интернет-адреса: www.mi.com/en/certification

## Информации за изложеност на RF (SAR)

Овој уред е усогласен со ограничувањата на специфичната стапка на апсорпција (SAR) за општото население/неконтролираната изложеност (локализиран SAR на 10 грама за главата и торзото, ограничување: 2,0 W/kg) наведени во Препораката на советот 1999/519/EC, насоките на ICNIRP и RED (Директива 2014/53/EU).

За време на тестот за SAR, овој уред емитуваше на највисокото потврдено ниво на моќност во сите тестирани фреквентни опсези и беше поставен во положби што симулираат изложеност на RF при нормално користење до главата без растојание и близу до телото со растојание од 5 mm.

Усогласеноста со SAR за користење во пределот на телото се заснова на растојание од 5 mm помеѓу уредот и човечкото тело. Овој уред треба да се носи на растојание од најмалку 5 mm од телото за да се овозможи нивото на изложеност на RF да биде усогласено или пониско од пријавеното. Кога го прикачувате уредот близу до телото, треба да се користи штипка за на ремен или футрола што не содржи метални компоненти и што овозможува одржување на растојание од 5 mm помеѓу уредот и телото. Усогласеноста со изложувањето на RF не е тестирана или потврдена кај додатоци што содржат метал што се носи на телото и треба да се избегнува употреба

на вакви додатоци.

## Информации за сертификати (највисоки вредности за SAR)

Ограничување за SAR на 10 g: 2,0 W/Kg,
Вредност за SAR: Глава: 0,989 W/Kg, Тело: 0,992 W/Kg (растојание од 5 mm).

## Правни информации

Овој уред може да се користи во сите земји членки на ЕУ.
Придржувајте се до националните и локалните прописи каде што се користи уредот.
Овој уред е ограничен само за употреба на затворено кога се користи во опсег на фреквенција од 5250 до 5350 MHz во: AT,BE,BG,HR,CY,CZ,DK,EE,FI,FR,DE,EL,HU,IE,IT,LV,LT,LU,MT,NL,PL,PT,RO,SK,SI,ES,SE,UK(NI),IS,LI,NO,CH,TR

Ограничувања во опсегот од 2,4 GHz:
Норвешка: Овој поддел не се однесува на географската област во радиус од 20 km од центарот на Ну Олесун.

Проверете дали адаптерот за напојување ги исполнува барањата од клаузулата 6.4.5 во IEC/EN 62368-1 и дали е тестиран и одобрен во согласност со националните или локалните стандарди.

## Фреквентни опсези и моќност

Овој мобилен телефон ги нуди следните фреквентни опсези само во областите на ЕУ и нуди максимална радиофреквентна моќност:
GSM 900: 35,5 dBm
GSM 1800: 32,5 dBm
WCDMA-опсег 1/8: 25,7 dBm
LTE-опсег 1/3/7/8/20/28/38/40/41: 25,7 dBm
5G NR-опсег n1/n3/n7/n8/n20/n28/n38/n40/n41/n77: 26 dBm,
5G NR-опсег n78: 29 dBm
Bluetooth: 20 dBm
Фреквентен опсег за Wi-Fi од 2,4 GHz: 20 dBm
Wi-Fi од 5 GHz: од 5150 до 5250 MHz: 23 dBm, од 5250 до 5350 MHz: 20 dBm, од 5470 до 5725 MHz: 20 dBm, од 5725 до 5850 MHz: 14 dBm
NFC: 13,56 MHz < 42 dBuA/m на 10 m

## Регулативи на FCC

Овој мобилен телефон е усогласен со дел 15 од правилата на FCC. Работењето подлежи на следните два услови: (1) Овој уред не смее да предизвикува штетни пречки и (2) овој уред мора да ги прими сите пречки на кои ќе биде изложен, вклучувајќи ги и тие што може да предизвикаат несакано работење.
Овој мобилен телефон е тестиран и е усогласен со ограничувањата за дигитален уред од класа B, во согласност со Дел 15 од правилата на FCC.
Овие ограничувања се предвидени за да се обезбеди соодветна заштита од штетни пречки при инсталација во населено место.
Оваа опрема генерира, користи и може да зрачи радиофреквентна енергија и, доколку не е инсталирана и не се користи во согласност со упатствата, може да предизвика штетни пречки во радиокомуникациите.
Меѓутоа, не можеме да гарантираме дека во одредени инсталации нема да се појават пречки. Доколку оваа опрема предизвика штетни пречки во радио или телевизискиот прием, што може да се утврди преку вклучување и исклучување на опремата, на корисникот му се препорачува да се обиде да ги отстрани пречките со преземање на една или повеќе од следните мерки:
- Пренасочете или преместете ја приемната антена.
- Зголемете го растојанието помеѓу опремата и приемникот.
- Приклучете ја опремата во штекер со различно струјно коло од тоа во кое е приклучен приемникот.
- Побарајте помош од продавачот или од искусен сервисер за радија/телевизори.

## Информации за изложеност на RF (SAR)

Овој уред ги исполнува барањата на владата за изложеност на радиобранови. Овој уред е дизајниран и изработен да не ги надминува ограничувањата за изложеност на радиофреквентна (RF) енергија. Во стандардот за изложување на радиобранови за безжичните уреди се користи мерна единица позната како специфична стапка на апсорпција или SAR.
Ограничувањето за SAR поставено од FCC е 1,6 W/Kg. За носење на телото, овој уред е тестиран и ги исполнува насоките на FCC за изложеност на RF за употреба со додаток што не содржи метал и го позиционира уредот на најмалку 1,5 cm од телото. Усогласеноста со изложувањето на RF на кој било додаток што се носи на телото и содржи метал не е тестирана и потврдена, и треба да се избегнува употреба на вакви додатоци што се носат на тело. Секој додаток што се користи со овој уред и се носи на телото мора да го држи уредот на растојание од најмалку 1,5 cm од телото.

## Забелешка на FCC

Менувањето или преправањето на опремата што не е изречно одобрено од страната одговорна за усогласеност може да ја поништи дозволата на корисникот за користење на опремата.
Заштитените кабли мора да се користат со овој уред за да се обезбеди усогласеност со ограничувањата за класа B на FCC.

## Е-етикета

Овој уред има електронска етикета за информации за сертификати.
За да пристапите до неа, појдете во Поставки > За телефонот > Сертификат или отворете ја ставката Поставки и напишете „Сертификат" во лентата за пребарување.

Модел: 22071212AG
2207 означува дека овој производ ќе биде промовиран по јули 2022 година.

**Производувач:** Xiaomi Communications Co.,Ltd.
**Адреса:** #019, 9th Floor, Building 6, 33 Xi'erqi Middle Road, Haidian District, Beijing, China
**Модел:** MDY-13-EE
**Влезен напон 1:** 100-240V~
**Влезна фреквенција 2:** 50/60Hz
**Излезен напон 2:** 5,0V/9,0V/11,0V/20,0V
**Излезна струја 2:** 3,0A/3,0A/6,0A Макс/6,0A Макс
**Излезна моќност 2:** 15,0W/27,0W/66,0W Макс/120,0W Макс
**Просечна активна ефикасност:** ≥82,0%

## Одрекување од одговорност

Овој водич за брз почеток го објавила компанијата Xiaomi или нејзината локална придружна компанија. Компанијата Xiaomi може да направи подобрувања и измени на овој водич во секое време и без претходно известување поради печатни грешки, неточни тековни информации или подобрувања на програмите и/или опремата. Меѓутоа, таквите промени ќе бидат вклучени во новите онлајн изданија на водичот за брз почеток (повеќе информации може да најдете на www.mi.com/global/service/userguide). Сликите имаат само илустративна намена и може да не го прикажуваат точно вистинскиот уред.

Производител: Xiaomi Communications Co., Ltd.
Поштенска адреса на производителот:
#019, 9th Floor, Building 6, 33 Xi'erqi Middle Road,
Haidian District, Beijing, China, 100085
Бренд: Xiaomi Модел: 22071212AG
© Xiaomi Inc. Сите права се задржани.